Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**До: ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**DREJTUAR: ENTIT SHTETËROR PËR REVIZION**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Бр./Nr. 08-3438/29
28.11.2023 год./viti


**Собрание на Република Северна Македонија**
Бул. 11 Октомври 10
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
**Kuvendi Republikës së Maqedonisë së Veriut**
Bul. 11 Tetori 10
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut

Е-пошта /E-posta: sobranie@sobranie.mk


**Предмет**: Заклучок по Годишен извештај
**Lënda**: Konkluzion për Raportin vjetor


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: Pranuar më: 04.12.2023
Орг. Един. Nj. org. | Број Nr. 08-816 | Прилог Shtojcë: | Вредност Vlera: 2


Ве известувам дека Собранието на Република Северна Македонија на Сто и дваесеттата седница одржана на 27 ноември 2023 година го разгледа Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2022 година и врз основа на претресот го усвои следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

1.Собранието на Република Северна Македонија го разгледа и усвои Годишниот извештај за за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2022 година.

2.Собранието констатира дека Државниот завод за ревизија во 2022 година ја реализирал Годишната програма за работа и изготвил извештаи кои содржат јасни, реални и објективни информации за работењето на ревидираните субјекти. Државниот завод за ревизија дал јасни и ефективни препораки за надминување на констатираните слабости, а со цел транспарентно и наменско трошење на јавните средства од страна на субјектите на ревизија.

3. Државниот завод за ревизија обезбедува корективно постапување кај субјектите предмет на ревизија, ги проследува утврдените состојби доставувајќи ги конечните ревизорски извештаи за оние субјекти каде се утврдени неправилности до надлежните органи, обезбедува висок степен на транспарентност објавувајќи ги конечните ревизорски извештаи, ја следи постојаната законска регулатива и дава

Ju njoftoj se Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut në seancën e njëqindenjëzetë të mbajtur më 27 nëntor 2023 e shqyrtoi Raportin vjetor për revizionet e kryera dhe për punën e Entit Shtetëror për Revizion për vitin 2022 dhe në bazë të diskutimit i miratoi këto:

**KONKLUZIONE**

1. Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut e shqyrtoi dhe miratoi Raportin vjetor për revizionet e kryera dhe për punën e Entit Shtetëror për Revizion në vitin 2022.

2. Kuvendi konstaton se Enti Shtetëror për Revizion në vitin 2022 e realizoi Programin Vjetor të Punës dhe hartoi raporte që përmbajnë informacione të qarta, reale dhe objektive për punën e subjekteve të reviduara. Enti Shtetëror për Revizion ka dhënë rekomandime të qarta dhe efektive për tejkalimin e dobësive të konstatuara, me qëllim të shpenzimit transparent dhe me dedikim të mjeteve publike nga subjektet e revizionit.

3. Enti Shtetëror për Revizion siguron veprim korrigjues për subjektet që janë lëndë e revizionit, i përcjellë situatat e konstatuara duke dorëzuar raporte përfundimtare të revizorit për ato subjekte ku janë konstatuar parregullsi tek organet kompetente, siguron shkallë të lartë të transparencës duke i publikuar raportet përfundimtare të revizorit, e ndjek rregullativën e përhershme ligjore dhe jep rekomandime për përmirësimin e saj.

препораки за подобрување на истата.

4. Годишниот извештај како целина, но и поединечните извештаи за извршените ревизии содржат точни и објективни информации засновани на факти, наоди и препораки.

5. Собранието позитивно ги оценува активностите на Државниот завод за ревизија при подготовка на Годишната програма за работа да ги вклучува и барањата од граѓаните, единиците на локална самоуправа и други засегнати страни за ревизија на одредени субјекти, поднесени преку апликацијата објавена на веб страницата на ДЗР „образец за барање на ревизија", а со цел да се зголеми транспарентноста, отчетноста и отвореноста во извршувањето на неговите законски утврдени надлежности.

6. Собранието го поддржува Државниот завод за ревизија во извршувањето на активностите за превенирање на корупцијата и корупттивното однесување на правните субјекти од јавниот сектор кои ги презема согласно овластувањата и обврските утврдени во Законот за државната ревизија, Законот за спречување на корупција и судир на интереси и друга законска регулатива.

7. Државниот завод за ревизија во 2022 година преку јасни, реални, објективни и навремени информации за констатирани состојби кај субјектите предмет на ревизија даде придонес во исполнувањето на уставната надлежност на Собранието на Република Северна Македонија за контрола и надзор над работата на Владата и другите носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието.

8. Собранието ги поддржува активностите на Државниот завод за ревизија за следење на спроведувањето на дадените препораки во ревизорските извештаи од страна на субјектите на ревизија што придонесува да се обезбеди повисок степен на наменско и законско трошење на средствата од страна на корисниците на јавните средства.

4. Raporti vjetor si tërësi, por edhe raportet e veçanta për revizionet e kryera, përmbajnë informacione të sakta dhe objektive të bazuara në fakte, konstatime dhe rekomandime.

5. Kuvendi i vlerëson pozitivisht aktivitetet e Entit Shtetëror për Revizion gjatë përgatitjes së Programit Vjetor të Punës për t'i përfshirë edhe kërkesat e qytetarëve, njësitë e vetëqeverisjes lokale dhe palët e tjera të interesuara për revizionin e subjekteve të caktuara, të parashtruara nëpërmjet aplikacionit të publikuar në faqen e internetit të ESHR-së, "formulari i kërkesës për revizion", me qëllim të rritjes së transparencës dhe llogaridhënies në kryerjen e kompetencave të saj të përcaktuara me ligj.

6. Kuvendi e mbështet Entin Shtetëror për Revizion në kryerjen e aktiviteteve për parandalimin e korrupsionit dhe sjelljes korruptive të personave juridikë nga sektori publik, të cilat i ndërmerr në përputhje me kompetencat dhe obligimet e përcaktuara në Ligjin për revizion shtetëror, Ligjin për parandalimin e korrupsionit dhe konfliktit të interesave dhe rregullativës tjetër ligjore.

7. Enti Shtetëror për Revizion në vitin 2022, përmes informatave të qarta, reale, objektive dhe me kohë për gjendjet e konstatuara të subjekteve lëndë të revizionit, ka dhënë kontribut në përmbushjen e kompetencës kushtetuese të Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut për kontroll dhe mbikëqyrje mbi punën e Qeverisë dhe bartësve të tjerë të funksioneve publike që janë përgjegjës para Kuvendit.

8. Kuvendi i mbështet aktivitetet e Entit Shtetëror për Revizion për ndjekjen e zbatimit të rekomandimeve të dhëna në raportet e revizorit nga subjektet e revizionit, që kontribuon të sigurohet shkallë më e lartë e shpenzimit me dedikim dhe ligjor të mjeteve nga shfrytëzuesit e mjeteve publike.

9. Со оглед на тоа што Државниот завод за ревизија при ревизијата на финансиските извештаи, ревизијата на усогласеност и ревизијата на успешност констатирал одредени состојби, Собранието укажува дека е потребно субјектите кои се предмет на ревизија да постапуваат по препораките на Државниот завод за ревизија, со цел подобрување на финансиското управување и одговорно трошење на јавните средства, а Државниот завод за ревизија преку посебни ревизии да продолжи да го следи спроведувањето на дадените препораки.

10. Собранието укажува дека е потребно да се интервенира во законските и подзаконските акти кај кои Државниот завод за ревизија констатирал одредени системски слабости и недоречености и укажал на потребата од нивно надминување со цел зајакнување на правниот систем.

11. Собранието констатира дека согласно Извештајот на независниот ревизор за извршена ревизија на Финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија –сметки на основен буџет и сметка на донации-Проект грант од SAUDI-FISP (Донација од Врховната ревизорска институција на Саудиска Арабија), финансиските извештаи ја презентираат објективно од сите материјални аспекти финансиската состојба на Државниот завод за ревизија, како и неговите приходи и расходи заклучно со 31 декември 2022 година, во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

12. Со цел воспоставување на професионално одржлива и ефикасна соработка во 2022 година беше склучен Меморандум за соработка помеѓу Собранието и ДЗР, со кој се уредува начинот на комуникација и размена на податоци и информации помеѓу двете институции. Собранието ќе продолжи да ја зајакнува соработката со Државниот завод за ревизија,

9. Duke marrë parasysh se Enti Shtetëror për Revizion gjatë revizionit të raporteve financiare, revizionit të përputhshmërisë dhe revizionit të suksesit ka konstatuar situata të caktuara, Kuvendi sugjeron se është e nevojshme që subjektet që janë lëndë e revizionit të veprojnë sipas rekomandimeve të Entit Shtetëror për Revizion, me qëllim të përmirësimit të menaxhimit financiar dhe shpenzimit me përgjegjësi të mjeteve publike, ndërkaq Enti Shtetëror për Revizion përmes revizioneve të veçanta të vazhdojë ta ndjekë zbatimin e rekomandimeve të dhëna.

10. Kuvendi sugjeron se është e nevojshme të intervenohet në aktet ligjore dhe nënligjore te të cilat Enti Shtetëror për Revizion ka konstatuar mangësi të caktuara sistemore dhe parregullsi dhe ka sugjeruar për nevojën për tejkalimin e tyre me qëllim të përforcimit të sistemit juridik.

11. Kuvendi konstaton se sipas Raportit të revizorit të pavarur për revizion të kryer Raporteve financiare të Entit Shtetëror për Revizion - llogaritë e buxhetit bazë dhe llogaria e donacioneve - granti i projektit nga SAUDI-FISP (Donacion nga Institucioni Suprem për Revizion i Arabisë Saudite), raportet financiare e paraqesin në mënyrë objektive nga të gjitha aspektet materiale gjendjen financiare të Entit Shtetëror për Revizion, si dhe të hyrat dhe shpenzimet përfundimisht më 31 dhjetor 2022, në pajtim me Ligjin për kontabilitet të buxheteve dhe shfrytëzuesve buxhetorë, Rregulloren për kontabilitetin e buxheteve dhe shfrytëzuesve buxhetorë dhe Rregulloren për zbatimin e standardeve ndërkombëtare të kontabilitetit për sektorin publik në bazë të parave në dorë.

12. Me qëllim të vendosjes së bashkëpunimit profesionalisht të qëndrueshëm dhe efikas në vitin 2022, është lidhur Memorandum Bashkëpunimi ndërmjet Kuvendit dhe ESHR-së, i cili rregullon mënyrën e komunikimit dhe shkëmbimit të të dhënave dhe informatave ndërmjet dy institucioneve. Kuvendi do të vazhdojë të forcojë bashkëpunimin me Entin Shtetëror për Revizion,

особено во насока на воспоставување на ефективен и ефикасен механизам за разгледување на конечните ревизорски извештаи во Собранието, а со цел да се зајакне парламентарниот надзор и контрола на трошењето на јавните средства. Преку активна поддршка за преземање на мерки по дадените препораки во конечните ревизорски извештаи и поттикнување на промена во начинот на кој се користат јавните средства, Собранието ќе придонесе за зголемување на општото добро на сите граѓани.

13. Овие заклучоци заедно со Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет да се доставаат до Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија.

veçanërisht në drejtim të krijimit të një mekanizmi efektiv dhe efikas për shqyrtimin e raporteve përfundimtare të revizorit në Kuvend, me qëllim të forcimit të mbikëqyrjes parlamentare dhe kontrollit të shpenzimit të mjeteve publike. Përmes mbështetjes aktive për marrjen e masave sipas rekomandimeve të dhëna në raportet përfundimtare të revizorit dhe inkurajimit të ndryshimit të mënyrës së përdorimit të mjeteve publike, Kuvendi do të kontribuojë në rritjen e të mirës së përgjithshme të të gjithë qytetarëve.

13. Këto konkluzione, së bashku me Raportin e Komisionit për Financim dhe Buxhet, t'i dorëzohen Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, Ministrisë së Financave dhe Entit Shtetëror për Revizion.

Доставено до:
-Владата на Република Северна Македонија
-Министерство за финансии
-Државниот завод за ревизија
-Архивата

Dorëzuar te:
-Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
-Ministria e Financave
-Enti shtetëror për Revizion
-Arkivi

**ПРЕТСЕДАТЕЛ/KRYETARI**
**mr.Talat Xhaferi**

Изработил/ Përgatiti:
Контролирал/Kontrolloi:
Одобрил/ Miratoi:

Превел/Përktheu:
Контролирал превод/
Kontrolloi përkthimi:

**КОМИСИЈА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ И БУЏЕТ**

**Број 20-** 3799/ 2
**20 јули 2023 година**
**Скопје**

**До**
**Претседателот на Собранието на**
**Република Северна Македонија**

# И З В Е Ш Т А Ј

Комисијата за финансирање и буџет на Шеесет и шестата седница одржана на 19 јули 2023 година, како матично работно тело го разгледа

**Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2022 година.**

Воведно образложение по Годишниот извештај даде главниот државен ревизор, Максим Ацевски. Тој истакна дека Државниот завод за ревизија е Врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија која има за цел навремено и објективно да го информира Собранието, Владата, другите носители на јавни функции и јавноста за ревизорските наоди од спроведените ревизии. ДЗР обезбедува поддршка на Собранието во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификацијата и презентацијата на неправилностите, случаите на противзаконско работење и можни случаи на корупција и злоупотреба на функцијата. Преку јасните и ефективни препораки ДЗР обезбедува поддршка на државните институции и корисници на јавните средства за унапредување на управувањето на истите. На тој начин ДЗР придонесува за подобрување на животот на граѓаните на Република Северна Македонија. Годишниот извештај за извршените ревизии и работата на Државниот завод за ревизија за 2022 година претставува објективна слика за резултатите од работењето и спроведените ревизии во 2022 година. Државниот завод за ревизија во 2022 година ја реализираше Годишната програма за работа со која беа опфатени 188 ревизии. Утврдени се 1.242 состојби и дадени 775 препораки содржани во 223 ревизорски извештаи, во кои се презентирани фактички информации за работењето на ревидираните субјекти. Посебен акцент, како и претходната година, беше ставен на ревизиите на успешност кои од година во година добиваат сè поголемо значење. ДЗР се фокусираше на актуелни прашања од интерес за јавноста и останатите засегнати страни и го сврте вниманието кон целите за одржлив развој и додадената вредност на истите. При изборот и дефинирањето на опфатот на ревизиите, како и досега, се ДЗР се водеше од стратешките цели, но и начелата за транспарентно и наменско трошење на средствата и подобрување на квалитетот на услугите достојни за граѓаните на Република Северна Македонија. Со Годишната

програма за 2022 година беше заокружена и реализацијата на Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија 2018-2022, која беше водилка во остварувањето на стратешките цели насочени кон максимизирање на придонесот во јакнењето на финансиската контрола и одговорност на јавниот сектор на Република Северна Македонија. Во однос на показателите од работењето, со ревизиите во 2022 година беше зголемен опфатот на ревидирани расходи во однос на вкупните буџетски средства. Во исто време беше зголемена додадената вредност од извршените ревизии, пред сè во висината на утврдени помалку пресметани, помалку вратени или помалку уплатени средства во Буџетот на Република Северна Македонија и во буџетите на општините, што укажува на фактот дека придонесот на ДЗР кон зајакнување на институциите и менаџерската одговорност е сè позначаен во нашето општество. Континуирано се укажува и на системските слабости, односно слабости и недоречености во регулативата во одредени области и на потребата за нивно надминување. ДЗР дава придонес во зајакнувањето на правниот систем и создавање на поволен амбиент за понатамошен развој на правните субјекти. Транспарентноста и отчетноста во работењето на ДЗР, исто така, е од суштинско значење за изградба на довербата, одговорноста и ефикасноста во извршувањето на државната ревизија. Во насока на остварување на стратешките цели, ДЗР се стреми да соработува и соработува со граѓаните и медиумите, невладините организации и други институции и организации, со цел да се зголеми транспарентноста, отчетноста и одговорноста во користењето на средствата на даночните обврзници. За таа цел, континуирано се преземаат активности за зголемување на бројот на засегнати страни кои навремено добиваат информации за работата на ДЗР. Бројот на засегнати страни во декември 2022 година изнесува 1.110. Вработените во Државниот завод за ревизија со својата професионалност, одговорност, сигурност, непристрасност, независност, совесност и етичност директно придонесуваат за квалитетот на работата на институцијата. Улогата на секој вработен е значајна за успешното работење на Државниот завод за ревизија. Во 2022 година продолжи да се вложува во професионалниот развој на институцијата и во подобрувањето на ревизорските процеси согласно меѓународните стандарди и најдобрите практики на земјите членки на Европската унија, како и во надградбата на професионалните вештини и знаења на ревизорите. Токму овие вредности се предуслов за извршување на обврските на Државниот завод за ревизија на начин што ќе обезбеди на Собранието и на другите заинтересирани страни доверба и уверување дека извештаите за извршените ревизии и Годишниот извештај како целина, содржат точни и објективни информации засновани на факти, наоди и препораки. Приоритет во идниот период ќе биде реализирање на активностите дефинирани во новата Стратегија за развој на ДЗР 2023-2027, насочени кон јакнење на независноста и интегритетот на институцијата, професионалната надградба на вработените и реализација на одредбите од потпишаниот Меморандум со Собранието на Република Северна Македонија. Исто така, Државниот завод за ревизија ќе продолжи со заложбите за остварување на уставна и целосна финансиска и оперативна независност, одржување на висок квалитет и доверба, препознатливост на неговата работа, сè со цел заштита на средствата на даночните обврзници

Во расправата учествуваа пратениците Тони Јаревски, Диме Велковски, Бојан Стојаноски и Панчо Минов.

- Беше посочено дека Извештајот на Државниот завод за ревизија за 2022 година содржи објективни, точни и релевантни податоци коишто ја отсликуваат алармантната состојба во којашто се наоѓа државата, односно порастот на корупцијата, криминалот и ерозијата на институциите. Според податоците може да се забележи дека постои тенденцијата на влошување на состојбите и Владата нема намера да преземе мерки и покрај континуираните укажуања на опозицијата. Од Годишниот извештај може да се види дека ДЗР во 2022 година има додадена вредност од извршените ревизии во износ од 9.716.228.000 денари само по основ на утврдените состојби кои влијаат на дејноста на субјектот предмет на ревизија и капиталните инвестиции. Овој податок покажува колку состојбите во државата се алармантни. Континуирано се укажуваше и на лошото работење на институциите што може да се види и од податокот дека 6.303.750.000 денари е додадената вредност од одложување/застој на инвестициски грантови, односно одобрени, но неповлечени заеми, кредити или грантови. За неповлечените средства се плаќаат камати, кои ги плаќа државата, односно граѓаните и тоа само поради лошото работење на оваа Влада. Во извештајот е констатирано дека од вкупната вредност од 6 милијарди денари за јавни набавки, ревидирани се околу 2 милијарди денари, од коишто 986 милиони денари се утврдени неправилности кај јавните набавки, односно 33% од вкупната ревидирана вредност на набавките. Овие податоци укажуваат дека секоја трета јавна набавка спроведена од институциите е со утврдена неправилност од страна на Државниот завод за ревизија. Загрижувачки е тоа што од вкупно 205 ревидирани финансиски извештаи, 35 се со неповолно мислење, а дури 75 се со воздржано мислење. Негативно е оценет фактот дека повеќе од половина од ревидираните извештаи се со неповолно и воздржано мислење, односно вкупно 110 од 205 ревидирани извештаи. Друг загрижувачки податок е дека од вкупно 196 мислења за усогласеност со закони и прописи, 33 се со неповолно мислење и 73 се со воздржано мислење. Во таа насока се јавува потребата од превземање на итни и конкретни мерки за подобрување на оваа неповолна и влошена состојба. Потребно е да започнат да се разгледуваат поединечните ревизорски извештаи со цел да се утврди кои се причините за лошото работење на институциите во државата, дали причината е лошиот менаџмент, лошите набавки, партизацијата во институцијата, неефикасноста или лошите стандарди.

По однос на претходно изнесената дискусија појаснување даде главниот државен ревизор Максим Ацевски. Тој посочи дека бројките се веродостојни како што се презентирани во Годишниот извештај при што за првпат Државниот завод за ревизија постапувал согласно склучениот Меморандум за соработка и подготвил два збирни ревизорски извештаи кои се доставени до Собранието. Првиот збирен

извештај за однесува на извршените ревизии на финанскиските извешатаи и ревизија на усогласеност на Едниците на локалната самоуправа и вториот збирен извештај се однесува на извршените ревизии на вкупните финансиски извештаи со спецификација на трошоци за приходите и расходите во изборната кампања за избори на членови, советници во општините и Советот на град Скопје, градоначаници на општините, градоначалници на град Скопје и ревизија на усогласеност. Овој збирен извештај во суштина дава појаснување на она што значат искажаните мислења. Во делот на неповолни мислења по Финансиските извештаи, 28 од нив се однесуваат на учесниците во Изборната кампања. Ревизијата на учесниците во изборната кампања и воопшто ревизијата на политичките партии создава огромен притисок врз работењето на Државниот завод за ревизија поради учеството на голем број на независни кадидати што учествуваа во изборната кампања во локалните избори. Државниот завод за ревизија дополнително се оптовари со ревизија на 141 учесник во изборната кампања. Во делот на неповолни мислења има 27 мислења за усогласеност со закони кои кога ќе се одземат од 33-те мислења во суштина има 6 неповолни мислења за усогласеност на останатите субјекти кои биле предмет на ревизија. Во 75 извештаи има воздржување од мислење од кои 73 се однесуваат на учесниците во изборната кампања што укажува дека има само 2 воздржани мислења на останатите субјекти кои биле предмет на ревизија. Кај ревизијата на усогласеност има 71 воздржување од мислење на учесниците во изборната кампања што повторно резултира со 2 воздржувања на останатите субјекти кои биле предмет на ревизија. Големата бројка на неповолни мислења и во делот на усогласеност укажува на постоење на недоречености во Изборниот законик со кој е овозможено голем број на учесници во изборната кампања, а всушност нема доволна едукација или пак има целосно отсуство на познавање на Изборниот законик.

По однос на претходно изнесената дискусија се изнесе дека Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2022 година е направен професионално и транспарентно, исто како и претходните години. Од извештајот може да се види дека од 188 извршени ревизии 70 се ревизии за регуларност, 12 ревизии за успешност од кои поголемиот број во делот на животната средина. Годишниот извештај на Државниот завод за ревизија содржи објективни податоци кои ревизии се направени, на кој начин се трошат финансиските средства и за одредени системски слабости и недоречености во законските решенија. Сите извештаи кои се означени со црвена боја веќе се процесуирани и тоа четири до јавниот обвинител, до Владата, до одредени институции што е уште еден податок дека ДЗР работи без никакви притисоци врз основа на сопствените заклучоци и убедувања. Доколку се направи споредба со 2021 година треба да се каже дека оваа институција помага во целиот финансиски и економски процес и не само што дава негативни мислења туку дава и позитивни мислења и препораки. Врз основа на дадените препораки од страна на Државниот завод за ревизија институциите на кои се дадени треба да ги прифатат и спроведат истите, а со цел да се подобри финансиското управување на институцијата. Од вкупно дадени 775 препораки, 390 се

препораки за кои е изминат период од 90 дена за повратни информации меѓутоа од тие 80% имаат постапено по препораките кои ги има дадено Државниот завод за ревизија или од 290 потврдени препораки со утврден статус по 234 препораки се превземени мерки, 44 не се спроведени а 14 се непроменливи. Споредбено со 2021 година може да се забележи дека процентите се исти, меѓутоа во бројка од вкупно 775 препораки во 2022 година може да види дека во 2021 година има околу 120 препораки помалку. Оттука, може да се заклучи дека е подобрена работата на Државниот завод за ревизија како и задржувањето на процентот на оние компании на кои имаат извршено ревизија кои одговориле врз основа на препораките. Многу подобро е да има препорака и истата да се прифати бидејќи умешноста на раководењето е да се подобри целиот систем на функционирање. Факт е дека во извештајот на ДЗР се консатирани неправилности кои ги имало и во минатото и ќе ги има и во иднина, но тоа е основната функција на Државниот завод за ревизија. По однос на за грантовите во 2022 година се опсервирани 392 милиони евра техничка помош од кои 29 милиони евра се плус средства и заедно изнесуваат 421 милион евра. Во тој дел наведени се три позиции каде што пет се во редовна динамика на реализација или 238 милиони евра, три се со сериозно одложување кое е во делот на железниците, а критични се 44 кои треба сериозно да се следат. Сето ова е од голема помош за сите засегнати страни за да се подобри целата ситуација. Во Извештајот понатаму се наведува кои се во тек на реализација каде една од нив е Пречистителната станица за отпадни води во Скопје која изнесува 72 милиони евра но се изрази сомнеж дали навистина реализацијата е во тек. Позитивен пример е ревизијата во областа на труд и социјална политика каде има направено детална анализа за исплатени надоместоци за помош на нега за друго лице во последните 6 години по број на корисници како персонално решение. Туѓа нега во 2016 година користеле 32.881 луѓе, во 2017 година користеле 34.000 луѓе, во 2018 година користеле 39.000 луѓе, за во 2021 година бројката да порасне на 44.000 корисници. Потоа, во делот на јавниот долг детално е образложено и точно може да се види дека во периодот од 2017 година до 2019 година јавниот долг е во опаѓачка линија од околу 48%, но поради пандемијата, енергетската и останатите кризи тој процент е зголемен за 10%. Факт е дека Годишниот извештај е прегледен и содржи објективни и корисни податоци. Констатирани се негативни работи како корупцијата, проблеми во правосудството, владеење на правото каде што треба сериозно да се работи со помош на реформи за да се надминат состојбите. Владата заедно со Државниот завод за ревизија ја почитува транспарентноста како еден од начините за борба против корупцијата. Не е коректно пратениците од опозицијата само да изнесуваат дека ништо не функционира во државата и дека таа се наоѓа во катастрофална состојба бидејќи доколку се разгледа подетално Извештајот на ДЗР ќе се заклучи дека не е таква состојбата, секогаш има и позитивни работи кои може да се нагласат.

- Се посочи дека Извештајот на Државниот завод за ревизија претставува значаен документ којшто треба да биде сериозно разгледан од страна на државните институции во насока на инкорпорирање на забелешките на Државниот завод за

ревизија, со цел да се подобри работењето на државните институции. Државниот завод за ревизија во извештајот за извршена ревизија на Фондот за здравствено осигурување во 2022 година констатирал сериозни слабости во ИТ системот и во заштитата на истиот, меѓутоа институцијата не превземала никакви мерки за подобрување, поради што во 2023 година се случи хакерскиот напад на институцијата кој предизвика проблеми во здравствениот систем. Фондот за здравствено осигурување треба посериозно да ги прифати забелешките од ревизорскиот извештај за да во иднина не се случуваат вакви проблеми коишто имаат негативно влијание врз функционирањето на целокупниот здравствен систем. Од аспект на инфраструктурата се посочи примерот со енергетска интерконекција Албанија-Македонија АД Мепсо со грант во износ од 12 милиони евра кадешто имаме застој во имплементирањето на тој проект, како и застој во проектот железничка интерконекција делница Бељаковце-Крива Паланка (втора фаза) во износ од 71 милион евра, бавна динамика во реализацијата на патна интерконекција делница Крива Паланка-Деве Баир во износ од 2 милиони евра. Институциите надлежни за имплементирање на ваквите проекти треба да сносат одговорност и да направат дополнителни напори за навремено реализирање на проектите коишто се од исклучителна важност за државата. Во делот на енергетиката загрижувачки е податокот за енормното зголемување на цената на електричната енергија како резултат на недоволното производство од домашните производители и зголемениот увоз на електрична енергија. Во РЕК Битола во периодот од 2019 до 2022 година постои неусогласеност на количините за откопан, увезен и потрошен јаглен со залихата на јаглен на депонијата, што влијае на точното утврдување и планирање на потребните количини на јаглен. Склучувањето на 20 договори во износ од 20 милиони евра на нетранспарентен начин во РЕК Битола укажува на корупција во оваа институција. Кога станува збор за Агенцијата за млади и спорт, Државниот завод за ревизија констатирал дека не се воспоставени соодветни внатрешни контроли во однос на користење на средствата коишто се трансферираат до националните спортски федерации и на доставените финансиски извештаи за реализација на нивните активности што укажува на несоодветно трошење на јавните средства. Главниот државен ревизор и Државниот завод за ревизија ги извршуваат своите задачи крајно професионално констатирајќи ги утврдените забелешки и давајќи препораки, но институциите потфрлуваат во земањето во предвид на препораките и мислењата на ДЗР. Годишниот извештај треба да биде доставен и до Јавното обвинителство со цел да бидат санкционирани сите институции коишто несоодветно ги искористиле државните средства.

Главниот државен ревизор појасни дека Државниот завод за ревизија до Јавното обвинителство ги доставува сите конечни ревизорски извештаи кај кои има сомнеж за злоупотреба на паричните средства на даночните обврзници. Во текот на 2022 година до Јавното обвинителство се доставени 22 конечни ревизорски извештаи.

- Беше посочено дека во насока на извршување на надзорната функција на Собранието, Комисијата за финансирање и буџет треба да донесе заклучок со кој ќе

се овозможи разгледување на конечните ревизорски извештаи кои се доставуваат во Собранието. Континуирано се одложува почетокот на разгледување на конечните ревизорски извештаи од страна на Комисијата за финансирање и буџет и ваквата состојба треба да се надмине што поскоро. Државниот завод за ревизија треба да ги доставува конечните ревизорски извештаи до Јавното обвинителство, до Министерството за внатрешни работи и до Комисијата за финансирање и буџет. За наодите на Државниот завод за ревизија со кои се утврдуваат недоследности во законските решенија во повеќе области потребно е пратениците да покренат иницијатива за соодветни законски измени. Како пример беше посочен Законот за јавни набавки во кои треба да се направат измени за да се намали нивото на корупција. Исто така, одговорност треба да сносат и одговорните лица во оние институции кои не постапиле по препораките на ДЗР во законски предвидениот рок. Во изминатиот период ДЗР укажуваше на потребата од промена на системот на субвенционирање во земјоделството и врз основа на овие укажувања се промени методот на субвенционирање. Се оцени дека новата методологија е поправична и е во насока на поддршка на земјоделците. Во однос на работата на ДЗР би било добро Комисијата за финансирање и буџет во заклучоците кои се предлага да бидат усвоени да даде поддршка во делот на доекипирање на ДЗР и потребна опрема за успешно извршување на неговите функции.

Врз основа на расправата Комисијата за финансирање и буџет со 11 гласа „за“ заклучи да му предложи на Собранието да ги усвои следните

Заклучоци:

1. Собранието на Република Северна Македонија го разгледа и усвои Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија во 2022 година.

2. Собранието констатира дека Државниот завод за ревизија во 2022 година ја реализирал Годишната програма за работа и изготвил извештаи кои содржат јасни, реални и објективни информации за работењето на ревидираните субјекти. Државниот завод за ревизија дал јасни и ефективни препораки за надминување на констатираните слабости, а со цел транспарентно и наменско трошење на јавните средства од страна на субјектите на ревизија.

3. Државниот завод за ревизија обезбедува корективно постапување кај субјектите предмет на ревизија, ги проследува утврдените состојби доставувајќи ги конечните ревизорски извештаи за оние субјекти каде се утврдени неправилности до надлежните органи, обезбедува висок степен на транспарентност објавувајќи ги конечните ревизорски извештаи, ја следи постојаната законска регулатива и дава препораки за подобрување на истата.

4. Годишниот извештај како целина, но и поединечните извештаи за извршените ревизии содржат точни и објективни информации засновани на факти, наоди и препораки.

5. Собранието позитивно ги оценува активностите на Државниот завод за ревизија при подготовка на Годишната програма за работа да ги вклучува и барањата од граѓаните, единиците на локална самоуправа и други засегнати страни за ревизија на одредени субјекти, поднесени преку апликацијата објавена на веб страницата на ДЗР ,,образец за барање на ревизија", а со цел да се зголеми транспарентноста, отчетноста и отвореноста во извршувањето на неговите законски утврдени надлежности.

6. Собранието го поддржува Државниот завод за ревизија во извршувањето на активностите за превенирање на корупцијата и коруптивното однесување на правните субјекти од јавниот сектор кои ги презема согласно овластувањата и обврските утврдени во Законот за државната ревизија, Законот за спречување на корупција и судир на интереси и друга законска регулатива.

7. Државниот завод за ревизија во 2022 година преку јасни, реални, објективни и навремени информации за констатирани состојби кај субјектите предмет на ревизија даде придонес во исполнувањето на уставната надлежност на Собранието на Република Северна Македонија за контрола и надзор над работата на Владата и другите носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието.

8. Собранието ги поддржува активностите на Државниот завод за ревизија за следење на спроведувањето на дадените препораки во ревизорските извештаи од страна на субјектите на ревизија што придонесува да се обезбеди повисок степен на наменско и законско трошење на средствата од страна на корисниците на јавните средства.

9. Со оглед на тоа што Државниот завод за ревизија при ревизијата на финансиските извештаи, ревизијата на усогласеност и ревизијата на успешност констатирал одредени состојби, Собранието укажува дека е потребно субјектите кои се предмет на ревизија да постапуваат по препораките на Државниот завод за ревизија, со цел подобрување на финансиското управување и одговорно трошење на јавните средства, а Државниот завод за ревизија преку посебни ревизии да продолжи да го следи спроведувањето на дадените препораки.

10. Собранието укажува дека е потребно да се интервенира во законските и подзаконските акти кај кои Државниот завод за ревизија констатирал одредени

системски слабости и недоречености и укажал на потребата од нивно надминување со цел зајакнување на правниот систем.

11. Собранието констатира дека согласно Извештајот на независниот ревизор за извршена ревизија на Финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија – сметки на основен буџет и сметка на донации-Проект грант од SAUDI-FISP (Донација од Врховната ревизорска институција на Саудиска Арабија), финансиските извештаи ја презентираат објективно од сите материјални аспекти финансиската состојба на Државниот завод за ревизија, како и неговите приходи и расходи заклучно со 31 декември 2022 година, во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

12. Со цел воспоставување на професионално одржлива и ефикасна соработка во 2022 година беше склучен Меморандум за соработка помеѓу Собранието и ДЗР, со кој се уредува начинот на комуникација и размена на податоци и информации помеѓу двете институции. Собранието ќе продолжи да ја зајакнува соработката со Државниот завод за ревизија, особено во насока на воспоставување на ефективен и ефикасен механизам за разгледување на конечните ревизорски извештаи во Собранието, а со цел да се зајакне парламентарниот надзор и контрола на трошењето на јавните средства. Преку активна поддршка за преземање на мерки по дадените препораки во конечните ревизорски извештаи и поттикнување на промена во начинот на кој се користат јавните средства, Собранието ќе придонесе за зголемување на општото добро на сите граѓани.

13. Овие заклучоци заедно со Извештајот на Комисијата за финансирање и буџет да се доставаат до Владата на Република Северна Македонија, Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија.

За известител на седницата на Собранието, Комисијата го определи пратеникот Диме Велковски.

**Претседател на**
**Комисијата за финансирање**
**и буџет,**
Бојан Стојаноски, с.р